# ПРОДОЛЖУВА ИСПЛАТАТА НА СРЕДСТВА ОД ИПАРД ПРОГРАМАТА

Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој продолжува со исплата на средства од ИПАРД Програмата.
По успешната реализација на инвестициите уште два корисника добија средства од ЕУ фондовите наменети за рурален развој.




Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој исплати 7.373.305,50 денари на корисникот Маранчо ДООЕЛ од Могила за Изградба/обновување на објектите за одгледување на молзни крави, овци и кози.
Од вкупно исплатените средства, 5.529.979,00 денари се средства од буџетот на ЕУ и 1.843.326,50 денари се средства од буџетот на РМ.

За изградба/обновување на објектите за одгледување на молзни крави, овци и кози на корисникот Пивко Стево ДООЕЛ од Могила исплатени се вкупно 5.713.472,00 денари со износ на национално кофинансирање од 1.428.368,00 денари и ЕУ дел 4.285.104,00 денари.